# Зошто **НЕ** за ССО?

Анализа за 15 штетни елементи на ССО



Стоп ЗАДОЛЖИТЕЛНО ССО

Сеопфатно
Сексуално
Образование

Алатката за анализа (образец) е креирана од Family Watch International - *непрофитна меѓународна образовна организација со статус на консултант на Економскиот и социјалниот совет на Обединетите нации* - со цел анализа на штетните елементи на програмите за ССО промовирани од International Planned Parenthood Federation (IPPF). Посетете ја страницата https://www.comprehensivesexualityeducation.org/15-harmful-elements-of-cse/ за да добиете празен образец или да видите анализи на разни материјали за ССО.

„Програмите на ССО често се означени како сеопфатно сексуално образование, сексуално образование, образование за сексуалноста, програми против силеџиство, образование за сексуално и репродуктивно здравје, програми на училишта за добредојде, па дури и семеен живот, животни вештини или апстиненција плус програми за образование, итн.

Без разлика на етикетата, доколку програмските материјали содржат еден или повеќе од 15-те штетни елементи идентификувани во оваа алатка за анализа, таквите материјали треба да се категоризираат како ССО и треба да се отстранат од употреба во училиштата.“ – Family Watch International

Оваа анализа е подготвена така што за секој штетен елемент прикажан на левата страна од слајдот, а идентификуван од страна на FWI, од десната страна се изложени цитати од *Прирачникот за наставници во основните училишта за теми од областа на сексуалното и репродуктивното здравје и права*, издаден од ХЕРА – предлагач на Концепцијата за основно образование и членка на IPPF

Во прирачникот се покриени одредени аспекти од седумте тематски подрачја што треба да бидат опфатени според „Рамка за сеопфатно сексуално образование“

- Сексуално и репродуктивно здравје
- **Род**
- Граѓански аспекти
- Задоволство
- Насилство
- Врски и односи
- Различност

*„Не претставува целосна наставна програма и прирачен материјал за ССО, односно претставува само првичен чекор кој се прави со дополнување на програмата на предметот образование за животни вештини на БРО“*




Оваа презентација треба да послужи како информација за:

- носителите на политики да разберат зошто голем број родители ценат дека ССО е спротивно на нивните уверувања и морални и верски вредности,
- родителите да имаат јасна претстава и увид во содржините на ССО кое се промовира кај нас со цел да донесат информирана одлука дали овие содржини ценат дека се соодветно образование за нивните деца.

Дали примерите од десната страна (извадени од Прирачникот) одговараат на штетниот елемент прикажан од левата страна, оставено е на оцена на читателот.
Препорачано е сите родителите без разлика дали го бираат изборниот предмет Сексуално образование за своите деца, да го разгледаат целиот прирачник, бидејќи една од компонентите во Прирачникот, односно родово-сензитивното образование е задолжително за сите!

## *1.* Ги сексуализира

## децата

Го нормализира сексот меѓу децата или ги десензибилизира децата на сексуалните работи. Може да даде примери на деца кои имаат сексуален однос или да имплицира дека многу нивни врсници се сексуално активни. Може да гламурира секс, да користи графички материјали, да предава експлицитен сексуален речник или да поттикнува дискусија за сексуални искуства, привлечности, фантазии или желби.



## ИЗВАДОЦИ ОД ПРИРАЧНИКОТ

„Мери и Луан **се врсници и имаат по 16 години**. Веќе шест месеци се во врска. Многу се сакаат и **би сакале да почнат со сексуални односи**. Досега ниту еден од нив немал такво искуство. Обајцата сакаат да се заштитат од каква било можност за добивање сексуалнопренослива инфекција или несакана бременост. Но, обајцата се судираат со одредени **предизвици**." - стр. 30 (7-9 одделение)...

„..Многу ми е тешко и не знам како да го решам мојот проблем... Има моменти кога ми изгледа дека е нерешлив... Имам момче со кого сме заедно веќе подолго време. Се сакаме и убаво ни е**. Еднаш двајцата решивме да имаме секс. Сè беше добро**, дури ѝ кажав и на мајка ми зашто знаев дека нема многу да се противи"- стр. 122 (7-9 одделение)

„Примарно влијание врз донесувањето одлука да се има сексуален однос или да се нема кај тинејџерите на возраст **15-17 години е стравот од СПИ и од бременост**. Оние на возраст **12-14 години** главното влијание врз оваа одлука го добиваат од родителите, наставниците и од религиозните лица" – стр 132

<u>Причини за немање сексуален однос</u>

**Убедување** дека возраста не е соодветна**.**
**Систем на вредности и убедувања** кој налага немање сексуален однос пред брак**.**
Страв од **осуда од родителите** или од околината. – стр 124 (7-9 одделение)

„**Сите луѓе**, независно дали се машки или женски, дали се хетеросексуалци или хомосексуалци, **имаат право на избор** за тоа дали да се вклучат во сексуални активности. При тоа, под сексуални активности се подразбираат и **допирањето, особено на интимните делови на телото, гледањето материјали со еротска содржина, галењето** и сл." ... стр 155 (7-9 одделение)

„Во раните пубертетски години (**10-12 години**) се формираат и вакви врски, а возрасните на нив вообичаено гледаат како на нешто минливо и банално иако и тие може да вклучат многу силни емоции. **Вообичаено, во овој период меѓу партнерите од овој тип врска се случуваат и некои сексуални активности**, како, на пример, сексуални допирања, бакнувања и слично. – стр. 164

# 2. Ги учи децата да давааТ согласност за секс

Може да ги учи децата како да преговараат за сексуални средби или како да бараат или да добијат „согласност“ од други деца да извршат сексуални дејства со нив. Белешка: „Согласноста“ често се учи под знамето на спречување на сексуална злоупотреба. Иако ова може да биде соодветно за возрасни, децата од малолетна возраст никогаш не треба да се охрабруваат да „даваат согласност“ за секс.



„**Сите луѓе**, независно дали се машки или женски, дали се хетеросексуалци или хомосексуалци, **имаат право на избор за тоа дали да се вклучат во сексуални активности**. ... Кога некој **доброволно**, **без никаков притисок** и **со свесност за сите релевантни околности** (пр. потенцијални ризици од СПИ, **брачен статус**, **возраст** и сл.) ќе избере да се впушти во сексуална активност, значи дека **дал согласност**....

Вистинска **сексуална согласност** не може да се даде **под возраста од 14 години**. **Кога тој што иницира сексуална согласност е повозрасен** или е авторитет, границата е повисока. Тоа значи дека секоја сексуална активност со лица под оваа возраст се смета за насилна.“ –стр 155 (7-9 одделение)

„Многу од тие што велат дека се хетеросексуалци, некогаш во животот имале некакво сексуално искуство со лице од истиот пол бидејќи биле љубопитни, **експериментирале** или им било убаво. **Секому му е дозволено да пробува** за да види што ќе му се допадне, **сè додека тоа се прави со потполна согласност на двете страни**“ - стр.174

„Декларацијата за човекови права вели **дека секој може да влезе во каков било сексуален однос каков што ќе избере и за кој има меѓусебен договор со другото лице**“ - стр.176

# 3. ПРОМОВИРА АНАЛЕН И ОРАЛЕН СЕКС

Ги нормализира овие ризични сексуални однесувања и може да ги изостави виталните медицински факти, како што се екстремно високите стапки на инфекции со СПБ/СПИ (т.е. ХИВ и ХПВ) и стапките на рак на усната шуплина и аналниот дел од овие сексуални акти со висок ризик.



(нема такви елементи)

# 4. Промовира хомосексуално и бисексуално однесување

Нормализира или промовира прифаќање или истражување на различни сексуални ориентации, понекогаш кршејќи ги законите за државно образование. Може да изостави витални здравствени информации и/или може да обезбеди медицински неточни информации за хомосексуалноста или хомосексуалниот секс.



## ИЗВАДОЦИ ОД ПРИРАЧНИКОТ

„Сексуалната желба е сосема нормална појава, без разлика за кој пол се работи. Таа се доживува како резултат на разни стимулуси: лични преференции, животно искуство, културни норми. **Таа може да биде насочена кон еден од половите (спротивниот или истиот) или кон обата пола**." – стр 125

„**Бисексуалност** е ориентација при што лицето чувствува привлечност кон обата пола (некои бисексуалци повеќе ги привлекуваат мажи, некои - жени, а некои - обата пола подеднакво). Некои прво имаат бисексуална ориентација, па подоцна откриваат дека се привлечени само од мажи или само од жени. Но, може и обратно: некој да смета дека е хомосексуалец/хомосексуалка, па подоцна во животот да открие дека, всушност, го/ја привлекуваат обата пола. –стр 175

„Главна порака
Постојат различни сексуални ориентации: хетеросексуалност, хомосексуалност, бисексуалност, асексуалност. Ниту една од овие сексуални ориентации не се смета за болест, но несигурноста или непријатноста за сопствените сексуални чувства може да предизвика анксиозност и стрес, па дури да дојде и до физички
Проблеми... **Некој својата сексуална ориентација ја согледува во раното детство**, но некој може да ја дознае и многу подоцна, а **истата може и да се менува низ животот (особено во периодот на адолесценција)**. Луѓето не ја избираат својата сексуална ориентација и затоа не постои терапија за нејзина промена. Хомофобија е ирационален страв, проследен со предрасуди и дискриминирање на лицата што се хомосексуалци. Декларацијата за човекови права вели дека секој може да влезе во каков било сексуален однос каков што ќе избере и за кој има меѓусебен договор со другото лице." – стр 176

„На 17 мај 1990 година Светската здравствена организација ја избриша хомосексуалноста од листата на ментални нарушувања и тој ден е прогласен за интернационален Ден за борба против **хомофобијата** и трансфобијата" – стр 176 (7-9 одделение)

„Некои испитувања покажуваат дека првата свесност за **хомосексуална** привлечност се јавува на **девет години** за машки и на **десет години** за женски лица" -стр.176

# 5. Го промовира сексуалното задоволство

Ги учи децата дека им следува или имаат „право“ на сексуално задоволство или ги охрабрува децата да бараат сексуално задоволство. Не презентира податоци за повеќекратни негативни потенцијални исходи за сексуално активни деца.



„**Сексуалните** и репродуктивните органи имаат две важни функции: тие може да учествуваат само во репродукцијата, **само во доживувањето на сексуалното задоволство** или, пак, во двете. На пример, пенисот е вклучен и во репродукцијата и во **сексуалното задоволство**, матката кај жените учествува во репродукцијата, додека клиторисот учествува во **сексуалното задоволство**. Освен **сексуалните** и репродуктивните органи, и други органи учествуваат во **сексуалното задоволство** (допирот на кожата предизвикува **задоволство**, додека мозокот учествува во ослободување хормони кои влијаат врз чувствата и врз функцијата на **сексуалните** и на репродуктивните органи).“ ...

„Многу често луѓето избегнуваат да зборуваат за **сексуалните** и за репродуктивните органи **затоа што сметаат дека тоа е приватна работа**“...

„Изгледот и големината на машките и на женските **сексуални** и репродуктивни органи е различна кај луѓето, исто како што се различни и сите останати органи и делови од телото. Сето тоа нема никакво влијание врз нивната способност за репродукција (создавање потомство), ниту, пак, **врз способноста да се доживее сексуално задоволство**“– стр. 10 (4-6 одделение)...

Цели за ученикот/ученичката:
**Да гради став за сексуалните** и за репродуктивните органи кај момчињата и девојчињата како природни делови од човечкото тело. стр. 11 (4-6 одделение)...
**Да знае што е сексуално задоволство**, **како се постигнува и кои фактори влијаат врз него** – стр 127 (7-9 одделение)

# 6. Промовира соло и взаемна мастурбација

Додека мастурбацијата може да биде дел од нормалниот развој на детето, ја охрабрува мастурбацијата на млада возраст, што може да ги направи децата поранливи на употреба на порнографија, сексуални зависности или сексуална експлоатација. Може да ги учи децата како да мастурбираат. Исто така може да ги охрабри децата да се впуштат во меѓусебна мастурбација.



„**Мастурбација** значи допирање разни делови од телото, а особено гениталиите, кое се изведува **најчесто** од страна на самото лице за да се доживее **сексуално задоволство**. Допирањето на гениталиите може да се забележи како **составен дел од нормалниот психички развој** и кај многу мали деца **(3-6 години)** кога тие го истражуваат сопственото тело и откриваат дека допирот на одредени делови“

„**Мастурбацијата го намалува стресот** и ослободува ендорфини, односно хормони на задоволство кои влијаат врз поголема релаксација“– стр 137
„Постојат разни митови поврзани со неа чија цел е да заплашат, **но таа е здрава сексуална активност**, која е важен дел од сексуалното себезапознавање и сексуалното изразување на луѓето – стр 138

Цели за ученикот/ученичката:

**Да ја прифати сексуалноста** како природен дел од човековиот развој.
Да прифати дека **самозадоволувањето е нормален дел од сексуалноста**. Да знае што значи поимот „мастурбација“.
Да може **да препознава факти и митови** за мастурбацијата

„Учениците продолжуваат да работат во претходно формираните групи. Секоја група добива по еден примерок од работниот лист за учениците: **Мастурбација**, и нејзините членови заеднички одговараат на секое од прашањата со заокружување на еден од понудените одговори кој го сметаат за точен.“ – стр 139 (4-6 одделение)

# 7. ПРОМОВИРА КОРИСТЕЊЕ НА КОНДОМИ НА НЕСООДВЕТЕН НАЧИН

Може несоодветно да ја еротизира употребата на кондом (на пример, да се нагласи сексуално задоволство или „забава“ со кондоми) или да се користат сексуално експлицитни методи (т.е. модели на пениси и вагини, заводливи улоги и сл.) за да се промовира употребата на кондом кај децата. Може да обезбеди медицински неточни информации за ефикасноста на кондомот и да ги изостави или да ги нагласи стапките на неуспех. Може да имплицира дека кондомите ќе обезбедат целосна заштита од бременост или СПБ.



## ИЗВАДОЦИ ОД ПРИРАЧНИКОТ

„Добро е да се познаваат симптомите на СПИ, но, за жал, голем дел од нив често не даваат леснопрепознатливи симптоми. Затоа не би требало да се чека да се јават симптоми, туку редовно да се користи заштита и да се оди на лекар секогаш кога имало однесување кое го зголемува ризикот од пренос на СПИ - **сексуален однос без кондом, лизнат кондом, сексуален однос под влијание на алкохол**“... – стр 18. (8-9 одделение)

„Сексуалниот однос при консумација на алкохол претставува ризик **поради намалената можност да се контролира користењето на кондомот**. **Практикувањето сексуални односи без заштита** претставува однесување кое го зголемува ризикот од заразување.**“...**

Употребата на кондом засега е **најефикасниот начин за спречување СПБ**. – стр 21. (7-9 одделение)

„Инфекција со ХИВ може да се добие преку **незаштитен** сексуален однос“...„При сексуален однос, задолжително треба да се користи кондом како досега **најефикасно** средство во борба против ХИВ“...

„Некои од ризичните ситуации што може да доведат до СПБ се: **некористење, лизнување или пукање на кондомот при сексуален однос**“ – стр 21. (7-9 одделение)

„Според Светската здравствена организација (СЗО), не постои медицинска контраиндикација за употреба на контрацепција кај адолесценти постари од 16 години. Напротив, со спречување на несаканата бременост се надминува ризикот од несакани ефекти. “– стр 37 (7-9 одделение)

„Понекогаш несакана бременост може да се спречи по незаштитен сексуален однос или, пак, неуспешно заштитен однос (пукнат кондом) со употреба на т.н. **итна контрацепција, пилула наречена „утро потоа“**. Тоа е **висока доза хормонален орален контрацептив** кој се зема во вид на две таблети во првите денови по незаштитениот сексуален однос. Итната контрацепција не смее да се употребува **премногу често** и треба да биде резервирана само за итни ситуации.“ – стр.37

# *8.* Промовира прерана

## сексуална автономија

Ги учи децата дека можат да изберат да имаат секс кога ќе се чувствуваат подготвени или кога ќе најдат доверлив партнер. Не дава податоци за добро документирани негативни последици од раното сексуално деби. Не успева да ги охрабри сексуално активните деца да се вратат во апстиненција.



## ИЗВАДОЦИ ОД ПРИРАЧНИКОТ

„... Не знам како да се поставам зашто веќе ептен се чувствувам должна, а знам дека многу ќе биде среќен ако почнеме со „онаа“ работа...

... Со моето момче одиме неколку месеци и фино ни е - се забавуваме, излегуваме заедно, впрочем како и сите на моја возраст. Но, последниве неколку пати кога излеговме, тој почна да ми кажува како веќе не може да издржи и дека е крајно време да имаме сексуален однос“ ...стр. 120 (7-9 одделение)

*(Иако примерите се дадени во случаи кога девојките се одлучуваат на воздржаност сепак акцентот е на фактот дека тие одлучуваат и се консултираат со пријатели)*

# 9. НЕ УСПЕВА ДА ВОСПОСТАВИ АПСТИНЕНЦИЈА КАКО ОЧЕКУВАН СТАНДАРД

Не успева да ја воспостави апстиненција (или враќање на апстиненција) како очекуван стандард за сите деца на училишна возраст. Може да спомне апстиненција само минливо.

Може да ги научи децата дека целата сексуална активност - освен „незаштитениот“ вагинален и орален секс - е прифатлива, па дури и здрава. Може да ја претставува апстиненција и „заштитениот“ секс како подеднакво добри опции за децата.



## ИЗВАДОЦИ ОД ПРИРАЧНИКОТ

*(Апстиненцијата како опција се спомнува 2 пати во Прирачникот и тоа како опција при заболување од Гонореја*

*Воопшто не се споменува дека немањето сексуални односи 100% ги спречува сите ризици за кои се предложува редовна примена на кондоми и други контрацептивни средства)*

# **10.** Ја промовира трансродовата идеологија

Промовира афирмација и/или истражување на различните родови идентитети. Може да ги научи децата дека можат да го сменат полот или да се идентификуваат како повеќе родови, или може да презентираат други ненаучни и медицински неточни теории. Не успева да научи дека повеќето родово збунети деца ја решаваат својата конфузија до зрелоста и дека екстремната родова конфузија е нарушување на менталното здравје (родова дисфорија) на кое може да и се помогне со интервенција на менталното здравје.



## ИЗВАДОЦИ ОД ПРИРАЧНИКОТ

„Освен тоа, кај различни индивидуи, без разлика на полот, **родовиот идентитет** со текот на годините е во постојано менување.“ стр 56 (7-9 одделение)

*(Според ХЕРА, Родовиот идентитет се однесува на личното чувство, на сопственото доживување како маж, жена, ниту едното или и двете.)*

„Многу е важно да се сфати **разликата меѓу полот и родот**. Половите карактеристики се биолошки одредени и тие имаат врска со репродуктивните функции. Родовите карактеристики се социјално одредени, тие се еден вид договор во дадена културна средина“ – стр.45

„Сите стојат во круг. Почнува еден доброволец, а потоа сите го прават истото. Тој/таа треба да каже: „Би сакал/а да бидам како... (име на некоја позната личност) бидејќи ТОЈ... (се кажува некоја негова особина заради која ученикот/ученичката би сакал/а да е како него). **Откако сите ќе се искажат во првиот круг, се преминува на втор, во кој се менува полот** на лицето на кој учениците би сакале да личат: „Би сакал/а да бидам како... (име на некоја позната личност) бидејќи ТАА... (се кажува некоја нејзина особина заради која ученикот/ученичката би сакал/а да е како неа)“ – стр 58 (7-9 одделение)

„Соодветните институции што им нудат услуги на младите за нивното сексуално и репродуктивно здравје, треба да бидат: родово приспособени: да бидат соодветни и за девојчињата и за момчињата, без разлика на нивната сексуална ориентација и **родов идентитет“ –**стр 79 (7-9 одделение)

„Многу често сексуалните права се поистоветуваат со залагањата на заедницата на ЛГБТИ (лезбијки, геј, бисексуалци, **трансродови** и интерсексуални лица), но тие имаат поширока рамка, т.е. тие се однесуваат на сите, вклучувајќи ја и заедницата на ЛГБТИ“ - стр 70 (7-9 одделение)

# 11. Промовира абортус

## КАЈ ДЕЦАТА

Го претставува абортусот како безбедна или позитивна опција, истовремено изоставувајќи податоци за многу потенцијални негативни физички и ментални здравствени последици. Може да ги научи децата дека имаат право на абортус и да ги упатуваат кај давателите на абортус.
Може да поттикне употреба на контрацептивни средства, а притоа да не презентира стапки на неуспех или несакани ефекти.



## ИЗВАДОЦИ ОД ПРИРАЧНИКОТ

*(нема такви елементи)*

# 12. Промовира сексуална едукација од човек на човек или заложување за сексуални права

Може да ги обучува децата да ги учат другите деца за секс или сексуално задоволство, преку иницијативи меѓу врсници. Може да регрутираат деца како гласноговорници за да се залагаат за многу контроверзни сексуални права (вклучително и право на ССО) или да промовираат абортус.



## ИЗВАДОЦИ ОД ПРИРАЧНИКОТ

„**Секој може да ги надмине** неправдите и родовата нееднаквост на индивидуално ниво.
Така, на пример:
Може да престане со употреба на деградирачки зборови или шеги за луѓето што се разликуваат од него/ неа. Исто така, **може да стане гласен во заштитата на другите**.
....
**Може да влијае** врз родителите да ги надминат предрасудите.
Може да стане посензитивен за чувствата на луѓе со различно потекло.
Може да се биде срдечен и да се слуша, кои се основните обележја за создавање однос со почит". – стр 92 (7-9 одделение)

„**Сите може да се здружат во постигнувањето еднаквост и фер односи за сексуалноста и родот**. Така, на Пример:
....
Може да се залагаат **за подобро образование за сексуалноста и родот во училиштата**." стр 93 (7-9 одделение)

„**Сите може да се приклучат кон националните кампањи или движења за рамноправност и правда**, како, на пример, за: поголеми финансиски средства за безбедно мајчинство, **пристап на жените до модерна орална контрацепција**, **примена на законите што ја штитат родовата еднаквост** или примена на законите за недискриминација, собирање средства за социјално загрозените групи граѓани и сл." – стр 93

„Работен лист за учениците: Писмо напишано од срце
Почитуван/а,
Во моментов учиме за **родовата еднаквост**, за сексуалното и за репродуктивното здравје и права. Ние сметаме дека можеме да направиме мал, но значаен придонес кон промена на подобро.
Прашањето за кое особено се грижиме е тоа што _____________
бидејќи тоа доведува до_____________
Она што можеме да сториме во врска со тоа е_____________
Од Вас бараме помош за_______________ -стр 98

# 13. Ги обезвреднува традиционалните вредности и верувања

Може да ги охрабрува децата да се сомневаат во убедувањата на нивните родители или нивните културни или религиозни вредности во врска со полот, сексуалната ориентација или родовиот идентитет.



„Причини за немање сексуален однос ...
6. **Систем на вредности и убедувања кој налага** немање сексуален однос пред брак....
10. **Страв од осуда од родителите** или од околината” – стр 124 (7-9 одделение)

“... Освен тоа, тие **придонесуваат во одржувањето на патријархалните вредности** и **големата асиметрија во моќ меѓу двата рода**, врз што, **во основа, почиваат сите форми на сексуално насилство**.“ – стр 158

„Низ различни понудени активности, секоја одделна работилница е насочена кон постигнување неколку наставни цели истовремено, а тие се однесуваат на стекнување/развивање **соодветни** знаења, вештини и **ставови/ вредности** кај учениците“ – стр 7

# 14. Ги обезвреднува родителите и родителските права

Може да им укаже на децата дека имаат права на доверливост и приватност од нивните родители. Може да ги научи децата за пристап до сексуални добра или услуги, вклучително и абортус, без согласност на родителите. Може да им порача на децата да не им кажуваат на своите родители што ги учат за сексот на училиште.



„...Блиските лица, како родителите, братот/сестрата, другарите и партнерот/партнерката, **може да помогнат во прв момент** со разговор кога загриженоста е голема, **но не може да го решат евентуалниот проблем со СПИ**“ - стр 21. (7-9 одделение)

„Родителите често **се чувствуваат засрамено** кога треба да се дискутира на вакви теми, а често и самите **немаат доволно информации**, **па избегнуваат да разговараат и ја пропуштаат можноста да го снабдат своето дете со навремени информации**“ - стр 27. (7-9 одделение)

„**Еден од можните начини** за намалување на таквите предизвици е отворен разговор со партнерот/ партнерката, со родителите, со матичниот лекар и со другарите/другарките. Постојат и установи, како што се **младинските центри „Сакам да знам“** во Скопје и младинските центри за сексуално и репродуктивно здравје во центрите за јавно здравје низ земјава, што се приспособени на потребите на младите. **Таму може да се добијат голем број услуги кои може да им помогнат на младите** да се стекнат со потребни информации, да се стекнат со вештини да разговараат отворено со својот партнер/партнерка, да направат гинеколошки и дерматовенеролошки преглед, советување, тестирање за СПБ, вклучувајќи и ХИВ, како и **да добијат бесплатни кондоми**. Притоа, сите услуги **се доверливи**, **се почитува приватноста** и младите се охрабруваат **да дојдат заедно со партнерот/партнерката**.“ - стр 27. (7-9 одделение)

# **15.** Ги упатува децата до штетни извори

Ги упатува децата на штетни веб-страници, материјали или надворешни лица. Исто така, може конкретно да ги упати децата на Планирано родителство или нивни филијали или партнери за нивните профитабилни услуги или добра (т.е. сексуално советување, кондоми, контрацептивни средства, полови хормони, тестирање и третман на СПБ, абортуси, итн.)

Ве молиме запомнете: Конфликт на интереси постои секогаш кога субјект што профитира од сексуализирање на деца е вклучен во креирање или спроведување на програми за сексуално образование.

(За повеќе информации за тоа како Планираното родителство ги сексуализира децата заради профит, видете www.WaronChildren.org and www.InvestigateIPPF.org)



## ИЗВАДОЦИ ОД ПРИРАЧНИКОТ

„...Блиските лица, како родителите, братот/сестрата, другарите и партнерот/партнерката, **може да помогнат во прв момент** со разговор кога загриженоста е голема, **но не може да го решат евентуалниот проблем со СПИ**“ - стр 21. (7-9 одделение)

„Родителите често **се чувствуваат засрамено** кога треба да се дискутира на вакви теми, а често и самите **немаат доволно информации**, **па избегнуваат да разговараат и ја пропуштаат можноста да го снабдат своето дете со навремени информации**“ - стр 27. (7-9 одделение)

„**Еден од можните начини** за намалување на таквите предизвици е отворен разговор со партнерот/ партнерката, со родителите, со матичниот лекар и со другарите/другарките. Постојат и установи, како што се **младинските центри „Сакам да знам“** во Скопје и младинските центри за сексуално и репродуктивно здравје во центрите за јавно здравје низ земјава, што се приспособени на потребите на младите. **Таму може да се добијат голем број услуги кои може да им помогнат на мла**дите да се стекнат со потребни информации, да се стекнат со вештини да разговараат отворено со својот партнер/партнерка, да направат гинеколошки и дерматовенеролошки преглед, советување, тестирање за СПБ, вклучувајќи и ХИВ, како и **да добијат бесплатни кондоми**. Притоа, сите услуги **се доверливи**, **се почитува приватноста** и младите се охрабруваат **да дојдат заедно со партнерот/партнерката**.“ - стр 27. (7-9 одделение)

## ССО - ХЕРА

1. Сексуално и репродуктивно здравје

**2. Род**

3. Граѓански аспекти

4. Задоволство

5. Насилство

6. Врски и односи

7. Рзличност



## Концепција за основно образование

**1. Родова сензитивност/раноправност**

2. Сексуално образование

**Изборно**

**Задолжително**

„Содржините кои ја промовираат родовата рамноправност сугерираат дека полот/родот не смее да биде основа за различно вреднување и моќ, истовремено придонесувајќи кон тоа да се разберат негативните последици од крутото придржување кон родовите норми, очекувања и улоги. **Ваквите содржини се застапени во наставните програми на сите предмети каде што тоа е можно**, а во учебниците и наставните материјали за овие предмети, **овие пораки, освен што се пренесуваат преку самите текстови, се поддржуваат и преку визуелниот материјал и преку различните вежби наменети за критичко преобмислување на поимите**“ – стр.12.

Стоп ЗАДОЛЖИТЕЛНО ССО [ Сеопфатно Сексуално Образование ]